# РОДОВО БУЏЕТСКА ИЗЈАВА

## 1. Податоци за избраната програма

**Име на програмата:**

Квалитетно и инклузивно средно образование (еднакви можности на момчињата и девојчињата).

**Потпрограма:**

Реформа на средното стручно образование

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење

Центар за стручно образование и обука

Сектор за финансиски прашања, Одделение за буџетска координација

Сектор за ученички и студентски стандард

**Вид на програмата**

☒ Хоризонтална

☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026[1]**

Во Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 нотирано е дека целосно родово сензитивно и рамноправно образование ќе се постигне со задржување во образовниот процес на девојчињата од ранливите групи, поттикнување на девојчињата да се образуваат во полиња што се сметаат за „машки“, а кои како професии се повеќе платени и овозможуваат поголем избор на работни места, односно се професии на иднината.

---

[1] Периодот во кој е изработена Родово буџетската изјава на Министерството за образование и наука, Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026, беше во процедура на донесување.

Во Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 нотиран е податок дека во средните училишта, во учебната 2018/2019, ученички има повеќе во гимназиско образование (14 849 наспроти 12 674), додека ученици има повеќе во стручното образование (23 557 наспроти 18 945).

Врз основа на ваквите бројки на запишани студенти во средните стручни училишта низ годините, едни од стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука се и усогласувањето на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, како и модернизирањето на системот за стручно образование и обука.

Програмата „Квалитетно и инклузивно средно образование (еднакви можности на момчињата и девојчињата)" е поврзана со следниве стратешки цели и приоритети од Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 година:

Општа цел 2. Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот

Специфична цел 2.6: Родово сензитивни образование и наука

**Краток осврт на програмата:**

Програмата ,,Квалитетно и инклузивно средно образование" произлегува од стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија ,,Квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот", односно приоритетните цели ,, Развивање квалитетно образование достапно за сите, кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување, базирано на анализи и факти", образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот и афирмирање и унапредување на културата, развој и унапредување на образованието, на јазиците на припадниците на заедниците".

Целта на оваа програма е обезбедување квалитетно и инклзуивно средно образование и унапредување на ученичкиот стандард.

Согласно образованиот систем во Република Северна Македонија, средното образование е задолжително и бесплатно и опфаќа ученици/чки на возраст од 15-17/18 години.

Реформата на стручното образование и обука е тесно поврзана со промените на пазарот на трудот. Имено, потребите на пазарот на трудот, влијаат и во обликување на моделот на стручно образовани и обука, како систем насочен кон создавање на човечки ресурси за потребите на пазарот на трудот, преку вработување или самовработување. Односот помеѓу овие две компоненти е взаемно условен и поврзан. Иницијативата за легислативни промени во сегментот на стручното образование и обука се наоѓа во Стратегијата за образование за 2018-2025 година. Имено, Стратегијата за образование 2018-2025 година го констатира следното "Бројот на стручни предмети во наставниот план е најнизок во Европа, околу 52% (наспроти 70% во Европа) и најголем број на општи предмети во стручното (околу 42%) со што стручното образование е повеќе општо – образовно. Исто така, бројот на часови за практична обука е исклучително низок, во просек 20-30%, наспроти европскиот тренд од над 60%." Истовремено, Стратегијата за образование 2018-2025 година, ги поставува следните приоритети: 1) Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, 2) Подобрување на средината за учење и квалитетот на стручното образование и обука, 3) Зголемување на опфатот во стручното образование и обука и 4) Подобрување на капацитетите на човечките ресурси.

Имајќи предвид дека фокусот на уписните политики е средното стручно образование кое се покажува како дефицитарно и нуди просперитет за младите, најбројна категорија се стипендиите за ученици што се запишаа во дуални паралелки во четиригодишно стручно образование, но и ученици што се запишаа во тригодишно средно стручно образование.

Согласно гореспоменатото, а имајќи ја предвид анализата која министерството ја направи во однос на запишаните момчиња и девојчиња во средно стручно образование, произлезе потребата од избор на оваа програма. Предмет на детална анализа се следниве три струки:

- Градежно – геодетска;
- Земјоделско - ветеринаринарна и
- Шумарско - дрвопреработувачка.

## 2. Анализа на состојбата (објаснете кои се родово релевантните прашања во секторот/областа опфатен/а со програмата и кои фактори придонесуваат кон родова нееднаквост)

Главната јавна установа надлежна за обезбедување на стручна поддршка за развивањето и континуираното иновирање во системот за средното образование и обука е Центарот за стручно образование и обука, основан во 2007 година. Општообразовните предмети во средните стручни училишта се во надлежност на Бирото за развој на образованието.

Средното образование е поделено во четири вида: гимназиско, средно стручно образование, уметничко образование и образование за ученици со посебни образовни потреби. Средното стручно образование може да биде со тригодишно и четиригодишно траење. На крајот на тригодишното стручно образование, учениците полагаат завршен испит и немаат право да се запишат на универзитет. Учениците кои завршуваат четиригодишно стручно образование, можат да бираат меѓу завршен испит и државна матура, зависно од тоа дали сакаат да го продолжат образованието или не, додека учениците од гимназиите задолжително полагаат државна или училишна матура.

Во последните години се повеќе се отвораат работни места поврзани со средното стручно образование, па од тука се наметнува потребата за стимулација на учениците своето образование да го продолжуваат во училиштата кои нудат стручно образование.

Според многу извештаи во последните години, најмногу работни места се отворени во преработувачката индустрија, градежништвото, транспорт и складирање, услужни дејности, уметнички дејности. Во врска со потребното образование, околу 53% од новите вработувања се поврзани со средно стручно образование, а 34% за понизок степен на образование. Во иднина се очекува најмногу работни места да се отворат во преработувачката индустрија (40%) и трговијата (9%), за Средно стручно образование (62%). Види графикон 1[2] .

[2] https://www.e4e.mk/wp-content/uploads/2020/05/identifikuvanje-na-prazninite.pdf




Графикон 1: Потребни вработувања по дејности

Согласно статистичките податоци со кои располага Министерството за образование и наука и направените анализи во учебната 2020/2021 година, вкупниот број на средни училишта изнесува 109 (државни и општински), а вкупниот број на ученици изнесува 71.811 (35.200 ученички), Споредено со учебната 2019/2020 година, вкупниот број на ученици бележи зголемување од 2.6%, Учество на учениците во средните училишта во системот на стручно образование изнесува 62.1%

Во интензивен дијалог на Министерството за образование и наука со компаниите, стопанските комори и локалните самоуправи, се увиде потребата за отворање на нови образовни профили и паралелки во училиштата, потребата од редизајнирање на дел од наставните програми и унапредувањето на практичната обука на учениците. Преку кампањата „Учи паметно, работи стручно" во изминатите месеци точно се утврдени потребните профили на локално ниво и овозможено е отворање на нови стручни профили, кои се бараат на пазарот од страна на компаниите. Концептот е целосно поддржан од компаниите. Над 85% од компаниите изразија интерес да воспостават соработка со училиштата на локално ниво и да ги примаат учениците на практична обука. Уписната политика изразена во конкурсот за учебната 2021/2022 година, за прв пат е креирана преку една заедничка соработка помеѓу министерството за образование и наука, локалната самоуправа и компаниите. Фокусот е ставен на стручното образование, како образование на сегашноста и иднината. Зголемен е бројот на ученички места во стручно образование и тој ќе изнесува 65,22% од вкупниот број ( во прва година во 2020-2021 година запишани се 61,66% ученици во стручно образование), наспроти бројот на ученички места во гимназиско образование кој е намален и ќе изнесува 30,82% од вкупниот број на сите ученички места (во прва година во 2020-2021 година запишани се 34,11% ученици во гимназиско образование). Во учебната 2021/2022 година има 97 паралелки со зголемен број наставни часови по практична настава во компанија. Атрактивноста на средното стручно образование дополнително веќе втора година се стимулира со обезбедување на фонд од 2.200 стипендии за ученици од прва година, во вкупна вредност од околу 60 милиони денари. Учениците кои ќе се запишат во дуална паралелка добиваат месечен износ од 3.500 денари за 9 месеци во годината. Преку спроведување на оваа активност, десеткратно се зголемуваат стипендиите кои се доделуваат за ученици запишани во средно стручно образование.

Министерството за образование и наука од учебната 2020/2021, покрај другите стипендии за средно стручно образование, доделува стипендии и за градежно - геодетска струка и земјоделско – ветеринарна струка.

Во прилог се табели со родово разделени податоци за доделени стипендии на струките кои се

предмет на разгледување во оваа родово буџетска изјава.

| Градежно - геодетска струка | женски | машки |
|---|---|---|
| 2021/2022 | 23 | 19 |

| Земјоделско - ветеринарна струка | женски | машки |
|---|---|---|
| 2021/2022 | 21 | 18 |

| Градежно - геодетска струка | женски | машки |
|---|---|---|
| 2020/2021 | 1 | / |

| Земјоделско - ветеринарна струка | женски | машки |
|---|---|---|
| 2020/2021 | 2 | / |

При анализите беа детектирани одредени слабости во системот како за средно образование и обука, така и за средно стручно образование. Се забележува несовпаѓање меѓу понудата на кадри од системот за средно образование и обука и побарувачката на пазарот на работна сила. Системот за воведување на нови квалификации во стручното образование и обука е нефлексибилен и неделотворен, а соработката со бизнис секторот за конкретна практична обука на учениците и учење преку работа е недоволна и неефикасна. Стандардите на занимања, како почетна основа за соодветно и актуелно стручно образование, недоволно се иницирани од страна на бизнис заедницата и процедурите за нивно изготвување се недоволно продуктивни.

Работодавачите не се доволно мотивирани да примаат ученици на практична обука бидејќи, иако Законот за средно образование и обука предвидува право на работодавачот кој прима ученици на практична обука, да се стекне со финансиски, царински и даночни олеснувања, во пракса не се операционализирани тие одредби од законот, со тоа се намалува интересот за запишување во стручните училишта општо и на момчињата и на девојчињата.
Голем процент ученици од маргинализираните групи се запишуваат во средно образование кадешто се забележува нивна недоволна интеграција, квалитетна инклузија и мултикултурализам, а особено кога се работи за ученици Роми и за учениците со посебни образовни потреби, со посебен акцент на девојчињата.
Како генерален заклучок од досегашната анализа на податоците на застапеноста на девојчињата и момчињата во средното образование може да се каже дека постои полов баланс во бројот на запишаните ученици, додека дизбаланс постои во средното образование во определени струки, како за девојчињата така и за момчињата, за кои владеат стереотипите „машки“ или „женски“ професии.

Врз основа на ова е направена дополнителна анализа на состојбата за одредени струки во средното образование, кои важат за исклучиво „машки“ струки, а сметаме дека е потребно да се интервенира и истите да се испромовираат и пред девојчињата, со сите позитивни страни што ги нудат, како и за можноста полесно да се дојде до добро работно место.

Односно, предмет на разгледување, по детектирањето дека во овие стуки постои голем јаз и диспаритет помеѓу запишаните момчиња и девојчиња е на стуките по градежништво и геодезија, земјоделство и ветеринарство и шумарство и обработка на дрво.

Во прилог е графички приказ за три учебни години на запишани девојчиња и момчиња, вкупно и

на трите струки кои се одбрани за следење со оваа изјава.












**3. Предложени интервенции** (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)

Во изминатиов период, имајќи предвид дека фокусот на уписните политики е средното стручно образование кое се покажува како дефицитарно и нуди просперитет за младите, Министерството за образование и наука има направено доста интервенции на ова поле и вложува голем број на средства за промоција на средното стручно образование, но сепак изостануваат конкретните мерки и фокус за мотивација на девојчињата за запишување на струки, кои до сега биле помалку атрактивни помеѓу нив.

Како една многу мотивирачка мерка е стипендиите за ученици што се запишаа во дуални паралелки во четиригодишно стручно образование, но и ученици што се запишаа во тригодишно средно стручно образование.

За прв пат од оваа учебна година, во Одлуката за ученички стипендии додадена е категорија на стипендии за ученици од средно стручно образование – дефицитарни струки.

Центарот за стручно образование и обука изготви „Водич низ квалификациите во стручното образование“ . Негова цел е да ги претстави условите, можностите и придобивките кои стручното образование и обука ги нуди на секој ученик. Истовремено е и алатка на стручните служби во основните училишта за извршувањето на процесот на информирање, советување и насочување како елементи на професионалната ориентација на учениците. Од содржински аспект, Водичот е изготвен во согласност со актуелната состојба во стручното образование, новините, законските и подзаконските прописи и другите процесни документи релевантни во областа. Во него се обединети конкретни информации и подробности за сите струки/сектори поединечно, квалификации, средни стручни училишта, можностите за продолжување на образованието и за вработување/самовработување. „Водич низ квалификациите во стручното образование“, првично е наменет за стручните служби во основните училишта ширум државата, но и за целокупниот наставен кадар, родителите, учениците и пошироката стручна и читателска јавност.

Во следниот период, МОН ќе работи на следните интервенции кои се во насока на подобрување на родовиот баланс помеѓу момчињата и девојчињата во средното стручно образование, со посебен фокус на избраните 3 струки:

- - Министерството за образование и наука, оваа година ќе ги разгледа можностите за доделување на стипендии и за струката „ Шумарство и обработка на дрво“, со цел стимулирање на учениците за продолжување на средното училиште токму на оваа струка; - Континуирано се спроведуваат активности во рамки на Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“. Организирање на воспитно-образовниот процес од далечина, во услови на пандемијата КОВИД 19: Имајќи ја предвид актуелната состојба со пандемијата КОВИД 19, Владата на Република Северна Македонија на 15-та седница, донесе заклучок, од страна на Центарот за средно образование и обука да се изготви Упатство (насоки и совети) за реализација на далечинско учење во средно стручно образование, бидејќи знаеме кои се придобивките од часовите по пракса за стручните предмети.Од големо значење е да се потенцира и донесувањето на нов Закон за стручно образование и обука, кој како и сите останати закони кои ги носи Министерството за образование и наука се темели на еднаквите вредности, недискриминацијата и еднаквите можности за сите. Во работната група покрај другите членови од повеќе институции, вклучени се и претставници од бизнис секторот.Промотивни активности пред учениците во 9 одделение, во 5 основни училиштата низ државата, кои ги нудат градежништво и геодезија,земјоделство и ветеринарство и шумарство и обработка на дрво, струки, како опција за продолжување на средното образование и стекнување на компетенции кои се барани на пазарот на трудот со делење летоци, поставување постери, преку проектот за дигитализација на услуги во образованиот сектор на Центарот за управување со промени, финансиран од Владата на Обединетото Кралство, преку Британската амбасада во Скопје и кампањата на Министерството за образование и наука, насловена како „Учи паметно, работи стручно“.Промотивни активности за стручно образование и обука (консултации со бизнис заедницата во поглед на квотите за упис по определени профили).

## 4. Очекувани резултати од програмата (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста).

- Зголемување на привлечноста, квалитетот и релевантноста на стручното образование, како кај момчињата, така и кај девојчињата, со континуирано прилагодување на општествените и технолошките промени од една страна и потребите и особините на учениците, од друга страна. Подобрување на ресурсите и капацитетите на системот за средно образование и обука, со цел овозможување на еднаков пристап за сите. Во оваа насока, избраната програма и активностите кои ќе бидат преземени за подобрување на родовиот баланс во споменатите 3 струки во кои е детектиран силен диспаритет помеѓу момчињата и девојчињата, ќе бидат дополнително поддржан со низа на активности кои

се во доменот на надлежности на МОН и институции кои работат во областа на стручното образование и обука. На овој начин, со интегриран пристап ќе се зголемат ефектите од влијанието на предложената интервенција. Активности кои дополнително ќе влијаат на ефектите од предложената интервенција во оваа РБИ се:Воведен е флексибилен и ефикасен систем за изработување на Стандарди на занимања и Стандарди за квалификации коишто се засноваат на резултати од учење, изработен е модуларен наставен план и програма, којшто, исто така, се заснова на резултати од учење, во согласност со оние стандарди коишто ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот, како и програми за учениците со посебни образовни потреби;

- Развиени Стандарди на занимања и ревидирани наставни планови и програми во согласност со потребите на пазарот на трудот, како и соодветна обука на наставниците;
- Воведен систем за следење на учениците, со посебна графа за внесување на род (Tracersystem) откако ќе го завршат формалното образование;
- Зајакнат систем за кариерно насочување и советување на момчињата и девојчињата за запишување на дефицитарни струки, но и за рушење на стереотипите како „машки“ или „женски “ професии.
- Зајакнување на трите регионални центри за средно стручно образование (во Југозападниот, Североисточниот и Полошкиот регион), целосно опремени за обезбедување на квалитетни услуги, како и родово сензитивизирање на истите.

## 5. Аутпут индикатори

- Зголемен број на запишани девојчиња на струките кои се разгледуваат и ќе се следат, преку оваа родово буџетска изјава, во наредните три години, и тоа: 2% во учебната 2022/23, 3% во учебната 2023/24, и 4% учебната 2024/25.
- Зголемен буџет (прогресивно од 1 до 5% во следните 3 години), наменет за промоција на атрактивноста на дефицитарните струки кои се обработуваат во оваа родово буџетска изјава, пред учениците во основно образование, со посебен акцент на мотивирање на девојчињата.
- Зајакнување на системот за кариерно насочување и советување, со посебен акцент на елиминирање на родовите стереотипи за „машки“ и „женски“ професии.
- Зајакнување на средните стручни училишта преку насоки и обуки на раководителите и наставниот кадар за промоција на еднакви можности и надминување на родовите стереотити и предрасуди за стручното образование.

## 6. Буџет на програмата/извор на средствата

Вкупниот буџет за потпрограма за средно образование, изнесува 559.799.000 денари.

Дополнително 198.600.000 денари се одделени за трите регионални центри за стручно образование и обука, „Моша Пијаде“ Тетово, „Киро Бурназ“ Куманово и „ Ванчо Питошевски“ Охрид.

Бр. 27-4635/3
12.04.2022

Изготвиле:
Љупка Неделковска
Славица Мирческа Атовска
Мирјана Јордановска
Надица Димовска
Елена Качела
Весна Вигњевиќ
Александра Хашимбеговиќ
Аце Миновски
Мерита Исеини
Мартина Иванова
Гордана Гошева
Рајне Велинова
Садете Рамадани
Исмете Буши
Антонета Маневска
Билјана Штергиска

**Одобрил**

**Министер за образование и наука / Ministër e Arsimit dhe e Shkencës**

**Doc.Dr. Jeton Shaqiri, с.р.**

**Прилог: Дополнителни анализи на потпрограмата, запишани ученици во три учебни години, вкупно и по струки, родово разделени**

**Учебна 2019-2020**







Земјоделско - ветеринарна 2019-2020
30, 30%
70, 70%
жени
мажи


Шумарско - дрвопреработувачка
2019-2020
30, 30%
70, 70%
жени
мажи

**Учебна 2020-2021**







Земјоделско - ветеринарна 2020-21
31, 31%
69, 69%
жени
мажи


Шумарско - дрвопреработувачка
2020-21
29, 29%
71, 71%
жени
мажи

**Учебна 2021-2022**







Земјоделско - ветеринарна 2021-22
34, 34%
66, 66%
жени
мажи


Шумарско - дрвопреработувачка
2021-22
30, 30%
70, 70%
жени
мажи